Бр./Nr 12-4802/6 (2021)
07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-тата седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-4802/1 од 12.11.2021 година, оформен по доставена пријава со наводи за непочитување на одредби од договор за јавна набавка на договорниот орган ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-4802/1 од 12.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.11.2021 година поднесена е пријава со наводи за непочитување на одредби од договор за јавна набавка на договорниот орган ///, и оформен е предмет број 12-4802/1 од 12.11.2021 година.

Пријавата до ДКСК е доставена од страна на ///, кое до ДКСК проследило пријава од непознат подносител, во која се изнесени наводи за неисполнети договорни обврски од страна на економскиот оператор ///, кој наводно не извршил испорака на мазут во блоковите на /// по извршена нарачка во месец мај 2021 година, при што од страна на договорниот орган /// не биле преземени никакви дејствија.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до ///.

Видно од одговорот доставен од страна на /// на барање на ДКСК, со правното лице /// во март 2021 година бил склучен договор којшто бил основа за набавка на мазут, кон кој во 2021 година биле потпишани два анекса, и врз чија основа биле издадени фактури и спецификации од извршена испорака.

Од извршениот увид во динамиката на нарачките генерирани од страна на ///, може да се констатира месечен континуитет во нарачката на мазут од /// во текот на целата 2021

година, со исклучок на месец јули. Во текот на април и јуни 2021 година од страна на /// на добавувачот /// му биле фактурирани пресметани казнени пенали.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk